Врз основа на член 2 од Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, (Универзитетски гласник бр. 161/2010), Колективниот договор за високото образование и наука (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 102/21) и член 70 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет – Скопје (Универзитетски гласник бр. 444/2019 и бр. 526/2020), Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на **29.9.2023 година**, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет – Скопје**
**(ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдуваат платите, надоместоците и додатоците на плата и другите надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет – Скопје (во понатамошниот текст: Факултетот).

**Член 2**

Вработениот има право на плата на надоместок на плата, надомест на трошоци поврзани со работата и надомест за вршење на дополнителни работи и задачи кои не спаѓаат во редовните работни обврски согласно со закон, Колективниот договор, Правилникот на УКИМ и оваа одлука.

**Член 3**

Платите и другите надоместоци на вработениот се утврдуваат и се исплатуваат на начин, услови, критериуми и во постапка утврдени со закон, Колективниот договор, Правилникот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и оваа одлука.

**Член 4**

Платата на вработениот се пресметува и се исплатува најмалку еднаш месечно, во паричен износ.

Работодавачот е должен да води евиденција на платите и другите надоместоци, на исплатените даноци и придонеси од плати, а на вработениот да му издаде потврда за исплатената плата или надоместокот, како и потврда за исплатените даноци и придонеси.

**Член 5**

Платата на вработениот за полно работно време, утврдена врз основа на сложеноста на работите, не може да биде пониска од најниската плата утврдена за одделни степени на сложеност според закон, Колективниот договор и оваа Одлука.

## II. ПЛАТА

**Член 6**

Платата на вработеното лице е составена од:

а) Основна компонента на плата, која се состои од:
- сновна бруто плата
- ел од плата за работен стаж.

б) Исклучителна компонента на плата, која се состои од:
- дел од плата за работна успешност
- додатоци и/надоместоци.

### 1. Основна компонента на плата

**Член 7**

Основната компонента на плата се исплаќа од основниот буџет на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија согласно со Колективниот договор за високото образование и наука (во понатамошниот текст: Колективен договор), за секое пополнето работно место согласно со Правилникот за систематизација на

работните места (во понатамошниот текст: Правилникот за систематизација).

Основната компонента, односно делот од основната бруто плата кој се исплаќа од основниот буџет на Министерството за образование и наука се утврдува така што основната вредност на коефициентот се множи со коефициентот на сложеност на работното место на кое вработениот е распореден. Основната вредност на коефициентот за пресметување на основната бруто плата на вработените кој се исплаќа од Министерството за образование и наука се определува согласно со важечките прописи.

Основната компонента на плата може да биде повисока и таа може да се исплаќа од сопствените средства на Факултетот.

Основната компонента на плата за секое работно место, која може да се исплаќа од сопствените средства на Факултетот, е изразена во бодови, утврдени во член 14 од оваа одлука.

Вредноста на бодот врз основа на која се исплатува основната компонента на плата од делот на сопствените приходи ја определува деканот согласно со расположливите средства на Факултетот.

Делот од плата за работниот стаж на вработениот се вреднува за секоја навршена година според членот 15 на оваа одлука.

**Член 8**

За да стекне основна плата, вработениот е должен во текот на 40-часовната работна недела да ја извршува работата утврдена во актот за видот и описот на работите на работните места.

Извршувањето на работата треба да биде квалитетно, редовно, навремено, целосно и точно.

**Групи на сложеност на работните места**

**Член 9**

„Работните места, односно работните задачи на вработените лица се групираат во следните категории и нивоа на работни места:

Наставен кадар

а) Категорија А – наставно-научни звања
- ниво А01 – редовен професор
- ниво А02 – вонреден професор
- ниво А03 – доцент/научен соработник

б) Категорија Б
- ниво Б05 – асистент докторанд

в) Категорија В – соработнички звања
- ниво В01 – асистент

Стручна и административна служба и помошно-технички персонал
- А02 – секретар на Факултетот
- Б04 – раководител на одделение
- В01 – советник
- В02 – виш соработник
- В03 – соработник
- Г01 – самостоен референт
- Помошно технички лица за кои е потребен ССС (хаусмајстор)
- Помошно-технички со потребен најнизок степен на образование
- ОО ( хигиеничар, чувар, општ работник).

Работните места во Стручната и административна служба од исто ниво можат да имаат различна плата од делот на сопствените приходи согласно со сложеноста, обемот на работните задачи и слично.

Доколку на работното место за кое е предвиден понизок степен на стручна подготовка е вработен, односно работи вработен со повисок степен на стручна подготовка, платата му се исплатува според коефициентот на сложеност утврден за работното место.

**Член 10**

Платата пресметана во бодови по одделните работни места се определува врз основа на степенот на сложеност на работата за полно работно време и нормален ефект на вработениот и не може да биде пониска од најниската плата, утврдена за одделни степени на сложеност.

**Мерила и критериуми за остварување на основна плата**

**Член 11**

Основната плата на наставниците по одделни работни места со полно работно време се остварува за извршување настава и други работи во обем утврден со прописите кои ја регулираат оваа материја за реализација на првиот циклус студии во обем од 240 часа.

Основната плата на соработниците по одделни работни места со полно работно време се остварува за извршување настава и други работи во обем утврден со прописите кои ја регулираат оваа материја за реализација на првиот циклус студии во обем од 480 часа.

**Член 12**

1. Соодносот и обемот на работите за исполнување на нормираните работни задачи за наставниците од член 11, став 1, на годишно ниво, се распоредуваат на:

а) работни часови за вршење наставни активности на прв циклус студии изнесуваат максимум до 6 часа неделно, и тоа за: изведување предавања 90 часа доколку наставникот не е вклучен во други форми на изведување настава (вежби и проектни активности) или изведување предавања 60 часа + 30 часа подготовка на други форми на изведување настава (вежби и проектни активности);

- подготовка на предавање во обем од 60 часа;
- континуирана проверка на знаења во обем од 20 часа;
- завршна проверка на знаење во обем од 20 часа;
- прием на студенти во обем од 30 часа.

До исполнување на 40-часовната работна недела, наставниците вршат и:

б) научноистражувачка работа во обем од 20 часа;

в) научно и стручно усовршување;

г) учество во работата и управување со установата (Наставно-научен совет, Деканатска управа, Совет за трет и за втор циклус студии, учество во телата и комисиите на Факултетот и слично) и други активности поврзани со наставно-образованиот процес.

2. Соодносот и обемот на работите за исполнување на нормираните работни задачи за соработниците од член 11, став 2, на годишно ниво, се распоредуваат на:

а) работни часови за вршење наставни активности на прв циклус студии изнесуваат максимум до 6 часа неделно, и тоа за: учество и подготовка на вежби и други форми на изведување на настава во обем од 90 часа;

- подготовка на формите на учество во изведување настава во обем од 60 часа;
- учество во спроведување на испитите во обем од 80 часа;
- прием на студенти во обем од 60 часа.

До исполнување на 40-часовната работна недела, соработниците вршат и:

б) научноистражувачка работа во обем од 90 часа;

в) научно и стручно усовршување;

г) учество во работата на Факултетот (учество во телата и комисиите на Факултетот и слично) и други активности поврзани со наставно-образовниот процес.

**Член 13**

Основната плата на вработените во Стручната и административна служба и помошно-техничкиот персонал се утврдува со полно работно време и нормален работен учинок во вршењето на работата утврдена во Одлуката за систематизација за видот и описот на работите на работните места.

Работното време на работниците од редот на Стручната и административна служба и помошно-техничкиот персонал се остварува во петдневна работна недела. По

исклучок, работното време за работниците од редот на помошно-техничкиот персонал може да се уреди со одлука на Факултетот и договорот за вработување.

**Висина на основната плата која се исплатува од сопствени средства**

**Член 14**

Основната плата која се исплатува од сопствени средства за нормираниот обем на работи и работни задачи, изразена во бодови по работни места, се утврдува како што следува:

НАСТАВЕН КАДАР

1. редовен професор 2 260 бода
2. вонреден професор 1 610 бода
3. доцент 900 бода
4. асистент докторанд 800 бода
5. асистент 800 бода

НЕНАСТАВЕН КАДАР

6. секретар 1 400 бода
7. раководител на одделение за ИКТ 880 бода
8. раководител на Одделението за финансиско сметководствено и материјално работење 880 бода
9. раководител на Одделението за студентски прашања 880 бода
10. раководител на Одделение за општи и нормативно-правни работи 880 бода
11. раководител на Библиотека 780 бода
12. советник за меѓународна соработка 270 бода
14. советник за општи и нормативно-правни работи 270 бода
15. советник за човечки ресурси 270 бода
16. советник за деловно работење 270 бода
17. виш соработник за финансиско, сметководствено и материјално работење 330 бода
18. соработник за библиотечно работење 270 бода
19. соработник за издавачка дејност и култура 270 бода
20. соработник за магистерски и докторски студии 300 бода
21. соработник за студентски прашања 300 бода
22. самостоен референт за ИКТ 1 200 бода
23. самостоен референт за деловно работење 250 бода
24. самостоен референт архивар 450 бода
25. самостоен референт за студентски прашања 450 бода
26. самостоен референт за сметко-водствени работи 250 бода
27. самостоен референт библиотекар 250 бода
28. самостоен референт за магацинско работење 300 бода
29. хаусмајстор 350 бода
30. општ работник 100 бода
31. чувар 100 бода
32. хигиеничар 100 бода.“

**Член 15**

Основната плата се зголемува за 0,5 % за секоја година работен стаж, а најмногу до 20 %. Пресметката на износот од претходниот став се врши со денот на наполнувањето на соодветната година на работен стаж.

**Член 16 – избришан.**

**Член 17**

На наставниците и соработниците им се исплаќа дел од платата утврдена во член 14 од оваа одлука за време на остварување на студиските престои во странство, во износ определен со Правилникот за стручно оспособување на работниците.

**Член 18 – избришан.**

**Член 19 – избришан.**

**Член 20 – избришан.**

**2. Дел од плата за работна успешност**

**Член 21**

Основната бруто плата на вработени-те по основ на работна успешност и

покажани резултати во текот на месецот може да се зголеми до 30 % од основната бруто плата, со одлука на деканот, заради:

- вонредно и натпросечно оптоварување на вработениот;
- зголемен обем на работа;
- предвремено и квалитетно извршување на работите.

Под вонредно и натпросечно оптоварување на вработениот ќе се смета:

- замена на отсутен вработен поради користење на годишен одмор;
- замена на отсутен вработен поради боледување.

Под зголемен обем на работа ќе се смета:

- работа при упис на нови студенти на прв, втор и трет циклус студии во тековната учебна година;
- работа при изработка на завршни сметки;
- работа при извршување на активности кои не се предвидени како редовни обврски за работното место на кое е распореден работникот;
- работа при организација на јубилеи, стручни активности, научни конференции и други настани во тековната година;
- работа за извршување на работи од работно место кое не е пополнето.

Во исклучителни случаи, деканот може да донесе одлука за еднократна исплата на надоместок за предвремено и квалитетно извршување на работни задачи.

Висината на средствата за делот од платата за работна успешност, во зависност од расположливите средства, се исплатува од сопствените приходи на Факултетот.

**3. Додатоци**

***Функционални додатоци на плата***

**Член 22**

За извршување на посебно одговорни раководни и управни активности, се утврдува месечен функционален додаток на плата за:

1. декан 5 500 бода
2. продекани 4 000 бода
3. шеф на катедра 1 800 бода.

Износот на функционалните додатоци по овој член се пресметува од стапувањето на функцијата, па до нејзиното престанување.

***Други додатоци на плата***

**Член 23**

Основната бруто плата на работникот се зголемува по час за: прекувремена работа, работа ноќе, работа во три смени, работа во ден на неделен одмор, работа во денови на празници, ракување со опасни материи, изложеност на јонизирачки зрачења.

Надоместоците за извршените активности од став 1 се определени со Колективниот договор и тие се обезбедуваат од основниот буџет на Министерството за образование и наука.

Додатоците меѓусебно не се исклучуваат.

**III. НАДОМЕСТОЦИ ОД ДОПОЛНИТЕЛНИ СРЕДСТВА ОД СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ**

**1. Надоместоци од плата и надомест на трошоци поврзани со работата**

**Член 24**

Вработените имаат право на надоместоци од плата и надомест на трошоци поврзани со работата согласно со основите и критериумите утврдени со закон и Колективниот договор и Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

**2. Надоместоци од дополнителни средства од сопствени приходи за вршење на дополнителни работи и задачи кои не спаѓаат во редовни работни обврски**

**Надоместоци за прв циклус студии и научноистражувачка работа**

**Член 25**

За наставниците, кои оствариле најмногу до 180 часа работи и работни задачи

над нормираниот обем утврден со член 11, се определуваат следниве бодови за еден час:

1. редовен професор 190 бода
2. вонреден професор 150 бода
3. доцент 100 бода .

При пресметување на наднормираниот обем на работи и работни задачи, за еден час предавање, на наставникот му се признава и еден час научноистражувачка работа.

Доколку работите и работните задачи на наднормираниот обем произлегуваат од повторување на предавањето, на наставникот не му се признаваат часови за научноистражувачка работа.

Доколку со предметната програма е предвидено и изведување вежби, на наставникот кој ќе ги изведува му се признава еден час за изведување на вежбите и еден час научноистражувачка работа. Доколку вежбите се повторуваат, на наставникот дополнително не му се пресметуваат часови за научноистражувачка работа.

За еден час вежби на наднормираниот обем на работи и работни задачи кој е над 480 часа, на соработникот му се определуваат 30 бода за еден час.

**Член 25 – а**

За часовите кои се однесуваат на изведување менторска настава, односно вежби со пет и помалку студенти на прв циклус студии, а кои произлегуваат од наднормирани работи и работни задачи, износот на надоместокот се утврдува во висина од 20 % од бодовите утврдени во член 25.

Во случај на тимско изведување на наставата, на наставниците, односно на соработниците им се определуваат бодови според процентуалното учество во изведувањето на наставата, односно вежбите.

**Член 25 - б**

Врз основа на планот за распоредот на работите и работните задачи, кој го утврдува Наставно-научниот совет, пред почетокот на учебната година, деканот донесува решение за висината на дополнителните бодови од член 25 за наставниците и соработниците.

Доколку во текот на учебната година настанат промени на работите и работните задачи на наставниците и соработниците, деканот донесува ново решение.

**Член 25 – в**

Надоместоци за прв циклус студии и научноистражувачка работа на наставниците и соработниците за нивно ангажирање за вршење на предавања и/или вежби на дисперзираните студии, на предмети каде што е определен само еден координатор, им се исплатува по извршувањето на наставните активности, по критериумите утврдени во член 25. На наставникот, односно на соработникот кој одржува настава му се признаваат само часовите за настава без часовите за научноистражувачка работа.

**Член 25-г**

На наставниците кои ќе изведуваат настава на англиски јазик, согласно со прозорците на мобилност, им се определуваат следните бодови за еден одржан час, и тоа:

1. редовен професор 21 бод
2. вонреден професор 18 бода
3. доцент 15 бода.

Доколку наставата на англиски јазик, согласно со прозорците на мобилност, се изведува менторски, висината на бодовите изнесува 20 % од предвидените бодови.

Надоместокот од став 1 на овој член ќе се пресмета и ќе се исплати по извршувањето на наставните активности.

**Член 25-д**

За учество во реализација на научноистражувачки проект/и, одобрен/и со одлука/и на Наставно-научниот совет, на наставниците им се исплатува посебен надоместок на месечно ниво, и тоа:

1. редовен професор 1425 бода
2. вонреден професор 1125 бода
3. доцент 750 бода.

**Член 26**

На лицата именувани за секретар на катедра, им следува надоместок од 300 бода месечно.

**Надоместоци за избор на наставник/ соработник**

**Член 27 – избришан.**

**Надоместоци на втор циклус студии (постдипломски студии)**

**Член 28**

За учество во организирање и реализација на студиските програми на втор циклус студии, кои се организираат на принцип на самофинансирање, односно како приходни и трошковни центри, надомест им се исплаќа на наставниците.

Примената на одредбите на овој член значи непостоење на можност за прелеавање на средства помеѓу одделните студиски програми.

**Член 29**

Остварените приходи за секоја студиска програма на втор циклус студии се распоредуваат на следниов начин:

- 40 % од средствата за надомест на материјалните трошоци и за организациски активности на Факултетот;
- до 5 % од средствата за надомест на материјалните трошоци и за организациски активности на Универзитетот;
- 55 % од средствата за наставните активности, материјалните и другите трошоци на студиската програма, распределени на следниов начин:
- 80 % за наставни активности;
- 20 % за раководење со студиската програма, поделени помеѓу раководителот (не поголем од функционалниот додаток на деканот во време на поднесување на аконтативната пресметка) и секретарот на студиската програма во соодност 60 % спрема 40 %.

Критериум за распределба на средствата наменети за наставни активности во овој член е бројот на реализирани часови настава на студиската програма.

За предмети за кои се изведува менторска настава, на наставникот му се исплатуваат средства сразмерно на бројот на студенти кои го избрале соодветниот предмет.

Доколку износот на раководителот за раководење со студиската програма го надмине износот на функционалниот додаток на деканот во време на поднесување на аконтативната пресметка, преостанатите средства од ставката раководење се пренесуваат во ставката материјални и други трошоци на истата студиска програма.

При спроведување на завршната проверка, за еден кандидат на наставникот му се признава и ќе му се исплати надомест намален за режиските трошоци на Универзитетот и на Факултетот наведени во став 1 на овој член.

**Член 29 – а**

Кога Факултетот се јавува како организатор на студиски програми од втор или трет циклус, на стручни студии или други формални програми за стручно и професионално усовршување или неформални обуки предвидени со закон, каде што наставата се изведува на странски јазик и претпоставува нивна посебна подготовка со странска партнерска институција, распределбата на остварените приходи ќе се врши со посебна одлука која ја носи Деканатаката управа.

**Член 30**

Раководителот на студиската програма на втор циклус студии поднесува аконтативна и конечна пресметка за извршени активности на втор циклус студии согласно со посебно изготвен акт, донесен од страна на Деканатската управа, со кој се уредува оваа материја.

**Член 31**

Делот од средствата наменет за извршителите на наставниот процес на

вториот циклус студии, со решение на деканот, им се исплатува на непосредните извршители според критериумите наведени во член 29, согласно со вредноста на наставниот и на консултативниот час што се формира за секоја студиска програма на втор циклус студии.

**Член 32**

Аконтативно и конечно решение за исплата на надоместокот за втор циклус студии донесува деканот за секоја студиска програма одделно, најдоцна 15 дена од денот на поднесувањето на извештајот за распределба на средствата од раководителот на студиската програма согласно со актот со кој се уредува поднесувањето на извештајот.

**Член 33**

На наставникот му следува посебен надоместок за извршување на одредени активности кои се поврзани со оцената и одбраната на магистерскиот труд. Надоместокот се определува од износот кој го уплаќа кандидатот за оваа намена, намален за режиските трошоци кои изнесуваат 35 % (30 % за Факултетот и до 5 % за УКИМ), според следнава распределба:

- 50 % за менторот (прв дел од надоместокот во висина од 30 % се исплаќа со пријавувањето на тезите и втор дел со одбраната на магистерскиот труд);
- по 25 % за вториот и третиот член на комисијата за оцена и одбрана на магистерскиот труд.

Надоместокот за менторот и членовите на комисијата за оцена и одбрана на магистерски труд, како и за соработниците кои се вработени на Факултетот, а не плаќаат уписнина за втор циклус студии организирани од страна на Економскиот факултет во Скопје, се исплаќа од средствата на Факултетот во согласност со одредбите од овој член.

**Член 34 – избришан.**

**Член 35 – избришан.**

**Надоместоци за докторски услуги (докторски студии)**

**Член 36**

На наставникот му следува посебен надоместок за извршување на одредени активности кои се поврзани со утврдување на подобноста на кандидатот и темата за изработка на докторски труд. Надоместокот се определува од износот кој го уплаќа кандидатот за оваа намена, намален за режиските трошоци кои изнесуваат 35 % (30 % за Факултетот и до 5 % за УКИМ), според следнава распределба:

- 50 % за менторот како член на комисијата за оцена на подобноста;
- по 25 % за вториот и третиот член на комисијата за оцена на подобноста.

На вработениот му следува посебен надоместок за извршување на одредени активности кои се поврзани со оцената и одбраната на докторски труд. Надоместокот се определува од износот кој го уплаќа кандидатот за оваа намена, намален за режиските трошоци кои изнесуваат 20 %, според следнава распределба:

- 20 % за претседателот на комисијата за оцена и одбрана;
- 20 % за менторот на докторскиот труд;
- по 15 % за вториот, третиот, четвртиот и петтиот член на комисијата за одбрана на докторскиот труд.

Надоместокот за менторот и членовите на комисијата за подобност, оцена и одбрана на докторска дисертација, како и за соработниците кои се вработени на Факултетот, а не плаќаат надомест на трет циклус студии организирани од страна на Економскиот факултет во Скопје, се исплаќа од средствата на Факултетот во согласност со одредбите од овој член.

Начинот на распределба на средствата, утврден со став 1 и став 2 од овој член, се однесува за реализирани активности поврзани со кандидати кои не се запишани на Школата за докторски студии на

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Начинот на распределба на средствата остварени од уписот на студенти на Школата за докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се врши согласно со актите донесени од страна на Универзитетот и актите донесени од страна на соодветната студиска програма.

**Надоместоци за изведување настава на други факултети**

**Член 37**

Изведувањето настава на други факултети и институти во состав на Универзитетот се регулира со договори склучени помеѓу единиците на Универзитетот.

**Член 38**

Од приходот што Факултетот го остварува по основ на вршење настава на други универзитети, 35 % се издвојуваат за Факултетот, а од остатокот се плаќаат лицата кои ја изведуваат наставата на другите универзитети.

**Надоместоци по основ на издавачка дејност**

**Член 39**

Надоместоците по основ на издавачка дејност, кога како издавач се јавува Економскиот факултет во Скопје, ќе се исплатуваат од вкупниот приход остварен од продажба и од спонзорство.

По покривањето на вкупните трошоци поврзани со печатењето, остатокот на средствата се распределува на следниов начин:

- 20 % за режиски трошоци за Факултетот;
- до 5 % за Универзитетот;
- 75 % како авторски хонорар за наставникот.

**Надоместоците по основ на работа во комисии**

**Член 40**

На вработениот му следува надомест за учество во рамки на Комисијата за јавни набавки, како комисија од прва категорија на сложеност и Комисијата за изрекување на дисциплински мерки, како комисија од трета категорија на сложеност.

По исклучок, од став 1 на овој член, Наставно-научниот совет, Деканатската управа и деканот може да формираат комисија која може да биде платена, доколку постојат оправдани причини за тоа. Во ваков случај, Деканатската управа ќе ги определи категоријата и висината на бодовите кои ќе бидат одобрени за исплата, а по претходно поднесен образложен извештај за реализирани активности од страна на претседателот на комисијата.

Во **прва група** на сложеност:

1. претседател до 3 000 бода
2. член до 2 500 бода

Во **втора група** на сложеност:

1. претседател до 2.000 бода
2. член до 1 600 бода

Во **трета група** на сложеност:

1. претседател до 1 300 бода
2. член до 1 000 бода

Бодовите се изразени во бруто износ.

**4. Други надоместоци и примања**

**Член 40-а**

На вработените на Факултетот може да им се исплати надоместок за годишен одмор (регрес) и јубилејни награди од сопствени средства, за што одлука носи надлежниот орган или доколку тој е обезбеден од страна на надлежното министерство согласно со важечките акти.

На вработените можат да им се исплати и надоместок на трошоци за одвоен живот од семејството, во случај на смрт на работник, како и отпремнина при заминување во пензија согласно со закон и Колективниот договор.

**Член 41**

За висината на платата и надоместоците на плата, утврдени со оваа одлука, деканот на Факултетот во рок од 20

дена ќе им издаде посебни поединечни решенија на вработените.

Незадоволните работници од решението од претходниот став на овој член имаат право на жалба во рок од 15 дена од денот на неговиот прием до Деканатската управа, која донесува конечна одлука.

**Член 42**

На вработен на Факултетот, кој извршува административно-технички работи, а учествува во комисии, му се определува надомест во согласност со член 40.

На лицата вработени како ненаставен кадар, може за поддршка при реализација на научноистражувачките и проектни активности, на Економскиот факултет во Скопје, да им се исплати надоместок до 20 % од основната плата. За исплата на овој надоместок, одлука носи Деканатската управа, по предлог на деканот, продеканите или секретарот.

На лице вработено како ненаставен кадар, не може во ист месец истовремено да му биде исплатен надоместок предвиден со член 21 и член 42 од оваа одлука.

**Член 42-а**

Надоместоците утврдени од член 28 до член 42 на оваа одлука се утврдуваат и се изразуваат во бруто износ.

**Член 42-б**

Бодовите утврдени со оваа одлука имаат унифицирана вредност која ја определува деканот на Факултетот согласно со член 7, став 2 од Одлуката за утврдување и исплата на плата и надоместоци од плата и други надоместоци на вработените на Економскиот факултет во Скопје.

Исклучок од став 1 претставуваат бодовите утврдени со член 25 и член 42.

Бодовите за пресметка на надоместоците предвидени со член 25 и член 42 од оваа одлука имаат еквивалентна вредност пресметана со помош на коефициентот од унифицираната вредност на бод, утврден согласно со член 7, став 2.

Вредноста на коефициентот од став 3 на овој член може да изнесува минимум 0.8 и максимум 1.2 и се определува со посебно решение од страна на деканот, во зависност од финансиските можности и расположливите средства на Факултетот.

**Член 42-в**

Надоместоците предвидени со членовите од 24 до 42 на оваа одлука се исплатуваат од сопствените приходи на Факултетот, со исклучок на оние надоместоци кои согласно со закон или Колективниот договор се исплатуваат од основниот буџет на Министерството за образование и наука.

**Член 42-г**

Со правилниците со кои е уредена работата на центрите на Факултетот, како негови внатрешни организациони единици, се предвидуваат надоместоци за активности кои се реализираат во рамките на Центарот.

## IV. НАДОМЕСТОЦИ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ ВИСОКООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ ОД СТРАНА НА ЛИЦА КОИ НЕ СЕ ВРАБОТЕНИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

**Член 43**

Надоместокот на трошоците за реализација на наставата за предметите од Универзитетската листа на слободни избрани предмети за прв и за втор циклус студии ќе се врши согласно со актите донесени од страна на Универзитетот и на Факултетот.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 44**

Во членовите 29, 33, 36 и 39 од оваа одлука, доколку процентот кој се издвојува за Универзитетот е помал од 5 %, распределбата се приспособува со зголемување на процентот на распределени средства за покривање на трошоци на Факултетот.

**Член 45**

Член 14 од оваа одлука ќе се применува, започнувајќи од месец септември 2023 година.

**Член 46**

Член 25-д ќе се применува започнувајќи од 1.10.2021 година.

**Член 47**

Оваа одлука стапува во сила со денот на објавувањето во *Универзитетски гласник.*

**Д е к а н**
**Проф. д-р Предраг Трпески, с.р.**

Пречистениот текст ги опфаќа:

- Одлука за утврдување и исплата на плати и надоместоци од плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Економски факултет – Скопје (Универзитетски гласник бр. 197/2012)
- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување и исплата на плати и надоместоци од плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Економски факултет – Скопје (Универзитетски гласник бр. 270/2013)
- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување и исплата на плати и надоместоци од плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Економски факултет – Скопје (Универзитетски гласник бр. 302/2014)
- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување и исплата на плати и надоместоци од плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Економски факултет – Скопје (Универзитетски гласник бр. 317/2015)
- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување и исплата на плати и надоместоци од плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Економски факултет – Скопје (Универзитетски гласник бр. 387/2018)
- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување и исплата на плати и надоместоци од плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Економски факултет – Скопје (Универзитетски гласник бр. 422/2019)
- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување и исплата на плати и надоместоци од плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Економски факултет – Скопје (Универзитетски гласник бр. 529/2020)
- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување и исплата на плати и надоместоци од плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Економски факултет – Скопје (Универзитетски гласник бр. 564/2021)
- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување и исплата на плати и надоместоци од плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Економски факултет – Скопје (Универзитетски гласник бр. 623/2022)
- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување и исплата на плати и надоместоци од плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Економски факултет – Скопје (Универзитетски гласник бр. 651/2023)
- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување и исплата на плати и надоместоци од плати и други надоместоци на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Економски факултет – Скопје (Универзитетски гласник бр. 660/2023)